Влада на Република Македонија

**НАЦИОНАЛНА КОМИСИЈА ЗА БОРБА ПРОТИВ ТРГОВИЈАТА СО ЛУЃЕ И ИЛЕГАЛНАТА МИГРАЦИЈА**

# НАЦИОНАЛНА СТРАТЕГИЈА ЗА БОРБА ПРОТИВ ТРГОВИЈАТА СО ЛУЃЕ И ИЛЕГАЛНАТА МИГРАЦИЈА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# НАЦИОНАЛЕН АКЦИСКИ ПЛАН ЗА БОРБА ПРОТИВ ТРГОВИЈАТА СО ЛУЃЕ И ИЛЕГАЛНАТА МИГРАЦИЈА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

2013-2016



Deutsche Gesellschaft
für Internationale
Zusammenarbeit (GIZ) GmbH

On behalf of
Federal Ministry
for Economic Cooperation
and Development

Подготовка и издавање на овој документ беше поддржана од страна на ГИЗ Регионална програма за социјална заштита и превенција од трговија со луѓе
во име на Германското федерално министерство за економска соработка и развој (БМЗ).
Содржината на оваа публикација не секогаш ги рефлектира погледите
на ГИЗ програмата или на донаторот.

**Почитувани,**

Националната стратегија за борба против трговијата со луѓе и илегалната миграција е документ кој предвидува мерки и активности на надлежните институции насочени кон откривање и гонење на сторителите, како и комплексен пристап за подобрување на статусот на жртвите на трговијата со луѓе и илегалната миграција во Република Македонија.

Националната стратегија и акцискиот план за борба против трговијата со луѓе и илегалната миграција 2013–2016 година е трет по ред стратешки документ изработен од Националната комисија врз основа на потребите од теренот и ги отсликува актуелните трендови во Република Македонија.

Активноста на Комисијата во изготвувањето на документите произлегува и од посветеноста на Владата на Република Македонија во давањето ефикасен одговор на трговијата со луѓе и илегалната миграција.

Овие два документа се национален одговор на меѓународните обврски на Република Македонија и напор да се обединат сите ставови, активности и ресурси во кохерентна рамка и единствен приод за одржлив развој во унапредувањето на човековите права на жртвите на трговијата со луѓе.

Партнерскиот пристап на Националната комисија со релевантните институции, здруженијата на граѓани и меѓународните организациии е значителен во креирањето на содржините на НАП 2013–2016 година. При изработката земени се предвид препораките на националниот координатор, националниот известувач, препораките од извештајот на Стејт департментот на САД при рангирањето на Република Македонија во ТИЕР 1 земји за 2011 година, Стратегијата на ЕУ за борба против трговијата со луѓе за 2013–2016 год., препораките од извршената евалуација на НАП 2009–2012 год. и други релевантни документи.

Новиот НАП нуди комплексен пристап во намалувањето на ранливоста на ризичните групи и потенцијалните жртви на трговијата со луѓе, што е и заложба на Националната комисија во нејзините програмски активности. Воедно, НАП нуди соодветни механизми за надминување на проблемите со трговијата со луѓе и  илегалната миграција, добар пристап, почитување на правата на жртвите на трговијата со луѓе/деца и илегални мигранти и предвидува нивна соодветна и ефикасна заштита, воспоставувајќи притоа систематизиран приод во менаџирањето со податоците, водењето на статистика и градењето на добри практики.

Со цел да се согледаат и да се следат специфичните потреби на децата/жртви, како посебно ранлива категорија, и да се оствари нивна заштита во рамки на НАП за 2013–2016 година, одделени се активностите кои се однесуваат на децата жртви на трговијата со луѓе и илегалните мигранти во посебен табеларен приказ.

Изработката на НАП 2013–2016 година е поддржана од Германското друштво за меѓународна соработка (ГИЗ).

**Со почит,**

***Виолета Јанковска***
Национален координатор за борба
против трговијата со луѓе и илегалната миграција

# СОДРЖИНА

Национална стратегија за борба против трговијата
со луѓе и илегалната миграција во Република Македонија ................................7

Национален акциски план за борба против трговијата
со луѓе и илегалната миграција во Република Македонија ..............................47

Извадок од Националниот акциски план за борба
против трговијата со луѓе и илегалната миграција кој
се однесува на Акциски план за борба против трговијата
со деца во Република Македонија ........................................................................ 63



# НАЦИОНАЛНА СТРАТЕГИЈА ЗА БОРБА ПРОТИВ ТРГОВИЈАТА СО ЛУЃЕ И ИЛЕГАЛНАТА МИГРАЦИЈА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА



# ТОЛКОВНИК НА ТЕРМИНИ И РАБОТНИ ДЕФИНИЦИИ [1]

| | |
|---|---|
| 1. Трговија со луѓе | Според член 3 (а) од Протоколот на ОН за спречување, сузбивање и казнување на трговијата со луѓе, особено со жени и деца (Протокол Палермо), кој ја надополнува Конвенцијата на ОН за борба против транснационалниот организиран криминал (2000), „трговија со луѓе" претставува регрутирање, транспорт, трансфер, чување или прием на лице, со користење на средства како закана или употреба на сила или други форми на принуда, киднапирање, измама, злоупотреба на сила или злоупотреба на позицијата на ранливост или на давање и добивање на исплати или бенефиција за да се добие согласност на лице кое има контрола врз друго лице, со цел експлоатација. Експлоатацијата вклучува минимум експлоатација на проституција на други лица или други форми на сексуална експлоатација, принудна работа или услуги, ропство или други дејства слични на ропство, робување или отстранување на органи.<br><br>Според член 3 (б) од Протоколот Палермо на ОН, регрутирање, транспорт, трансфер, чување и прием на дете со цел експлоатација, ќе се смета како „трговија со луѓе" и во случај да не се вклучени средства дадени во параграф (а).<br><br>Според член 3 (г) од Протоколот Палермо на ОН, за „дете" се смета секое лице кое нема навршено 18 години. |
| 2. Принудна работа | Според ИЛО Конвенцијата за принудна работа бр. 29 (1930), терминот „принудна работа" значи секаква работа или услуга која е изнудена од некое лице под закана за некаква казна и за која истото лице не се понудило своеволно. |
| 3. Ропство | Според член 1 од Конвенцијата на ОН за ропство (1926), ропство е статус или состојба на лице врз кое се демонстрира моќ како право на сопственост. |
| 4. Криумчарење | Според Протоколот на ОН за криумчарење на мигранти преку копно, море и воздух, кој ја надополнува Конвенцијата на ОН за борба против транснационалниот организиран криминал (2000), „криумчарење мигранти" означува стекнување, директно или индиректно, финансиска или друга материјална корист преку нелегален влез на лице во држава во која лицето не е државјанин или постојан жител. |
| 5. Илегална миграција | Според Меѓународната организација за миграции (ИОМ), илегалната миграција се однесува на најчестите форми на нерегуларна миграција, особено нелегален влез, престој и неовластена работа, и се дефинира како движење кое се случува надвор од регулативните норми на земјите кои испраќаат, низ кои се транзитира и кои примаат мигранти. |



[1] **Користени извори:** Толковник на термини на ИОМ; ИЦМПД, „Водич за развој и имплементација на сеопфатна борба против трговијата со луѓе", Европска програма за јакнење на борбата против трговијата со луѓе во Југоисточна Европа, 2006 достапно на http//www.anti-trafficking.net; Национална комисија за борба против трговија со луѓе и илегална миграција, Стандардни оперативни процедури за третман на жртви на трговијата со луѓе, 2010.

| | |
|---|---|
| 6. Ризични групи | Социјално исклучени лица: материјално необезбедени, лица од одредени етнички заедници, трудово експлоатирани лица/деца, лица/деца кои питачат, лица/деца со проблеми во семејството, деца исклучени од образовниот процес, деца кои живеат без родител / назначен старател, деца од институции, малолетници воспитно запуштени / сторители на кривични дела, жртви на семејно насилство. |
| 7. Жртва на криминал | Според Декларацијата на ОН од 1985 година за основни принципи на правда за жртви на криминалот, „жртва" означува лице кое, индивидуално или колективно, претрпело штета, вклучувајќи физичка или ментална повреда, емотивно страдање, економска загуба или значајна повреда на неговите основни права, преку дела кои ги прекршуваат кривичните закони кои важат во државите членки, вклучувајќи ги и оние закони кои ја регулираат кривичната злоупотреба на моќ. |
| 8. Жртва на трговијата со луѓе | Лица кои се одредуваат како жртви на трговијата со луѓе во согласност со член 3 од Протоколот на ОН или Националната легислатива за борба против трговијата со луѓе и лица кои се правно идентификувани како жртви на трговијата со луѓе од страна на соодветните власти. |
| 9. Претпоставена жртва | Лице за кое постојат индиции дека е жртва на трговијата со луѓе, но кое формално не е идентификувано од страна на надлежните органи (ги исполнува критериумите на Протоколот на ОН за трговија со луѓе). |
| 10. Национален механизам за упатување | Систем на соработка преку кој државните институции ги исполнуваат своите одговорности за заштита и промоција на човековите права на жртвите на трговијата со луѓе. Ова се поврзува со поставување на механизми на национално ниво така што може да се обезбеди ефикасен систем на идентификација, упатување, прифаќање, помош и заштита на жртвите.<br><br>Канцеларијата на Националниот механизам за упатување функционира во рамките на Министерството за труд и социјална работа од септември 2005. |
| 11. Транснационален механизам за упатување | Механизми и системи кои се изготвени за сеопфатна помош и транснационална поддршка за жртви. Транснационалните механизми за упатување го поврзуваат целиот процес за упатување од првичната идентификација до враќањето и помошта во земјите на транзит, земјите на дестинација и земјите на потекло, вклучувајќи соработка помеѓу различни владини институции и невладини актери. |



| | |
|---|---|
| 12. Стандардни оперативни процедури | СОП за постапување со жртви на трговијата со луѓе уредуваат постапки, процедури и начини на обезбедување помош и заштита на сите жртви на трговијата со луѓе преку еден сеопфатен пристап базиран на човековите права и се фокусира на жртвите во форма на институционализирана рамка за соработка.<br><br>Мерките на СОП ги опфаќаат следните области:<br>– Идентификација на жртвите на трговијата со луѓе;<br>– Правен статус на жртвите на трговијата со луѓе;<br>– Помош за жртвите на трговијата со луѓе пред да се вратат, како и мерки за интеграција во земјата на дестинација;<br>– Враќање на жртвите на трговијата со луѓе;<br>– Помош и реинтеграција на жртвите на трговијата со луѓе по враќањето – во местото на потекло;<br>– Кривични постапки во кои се вклучени жртвите на трговијата со луѓе како сведоци;<br>– Надомест на штета. |
| 13. Заштита и помош | Мерки, програми и услуги кои имаат за цел рехабилитација на жртвите, според член 6 од Протоколот Палермо на ОН. Овие мерки можат да бидат понудени од невладини, владини или меѓународни организации во земјите на дестинација, транзит и потекло. Овие мерки можат да вклучуваат,но не се ограничени, сместување, медицинска заштита, психолошка помош, едукација, стручни обуки, вработување, правна помош и транспорт. |
| 14. Реинтеграција | Реинтеграција на жртвите е повторно соединување со семејството, заедницата или нивна интеграција во нова заедница. Освен самиот чин на враќање, ова, исто така, вклучува интеграција на жртвата во социјалната средина со долгорочно социјално и економско решение. |
| 15. Враќање | Враќање на едно лице во неговата/нејзината земја и/или заедница на потекло. Во контекст на активностите за борба против трговијата со луѓе, враќањето не значи само физички транспорт на жртвата, туку, исто така, и механизми кои обезбедуваат безбедно и достоинствено враќање. |
| 16. Обезбедувачи/ даватели на услуги | Стручен персонал од надлежни институции и организации кои им обезбедуваат услуги на жртвите на трговијата со луѓе (социјални работници, психолози, педагози, правници, здравствени работници и други). |
| 17. Прифатилиште / Центар за сместување | Објекти кои обезбедуваат привремено сместување на претпоставени жртви и жртви на трговијата со луѓе од отворен и затворен тип и нудат краткорочно и/или долгорочно сместување. |
| 18. Заштита на сведоците | Безбедносни мерки потребни за обезбедување на безбедност на жртвите во текот на правните процедури. Заштита на сведоците може да им се понуди пред, во текот на, и/или по завршувањето на кривичните постапки и може да вклучува една мерка или повеќе мерки предвидени со Законот за заштита на сведоци. |

# ЛИСТА НА КРАТЕНКИ

| | |
|---|---|
| БРО | Биро за развој на образованието |
| ГИЗ | Германско друштво за интернационална соработка |
| ДИТ | Државен инспекторат за труд |
| ДКП | Дипломатско-конзуларни претставништва |
| ЕЛС | Единици на локална самоуправа |
| ЕТЛКМ | Единица за трговија со луѓе и криумчарење мигранти |
| ЕУ | Европска Унија |
| ЗГ | Здружение на граѓани |
| ИОМ | Меѓународна организација за миграции |
| ИПА | Инструмент за пристапна помош |
| ИЦМПД | Меѓународен центар за развој на миграциона политика |
| ЈИЕ | Југоисточна Европа |
| ЈО | Јавно обвинителство |
| КЗ | Кривичен законик |
| МАРРИ | Регионалната иницијатива за миграции, азил и бегалци |
| МВР | Министерство за внатрешни работи |
| МЗ | Министерство за здравство |
| МНР | Министерство за надворешни работи |
| МОН | Министерство за образование и наука |
| МП | Министерство за правда |
| МТСП | Министерство за труд и социјална политика |
| МФ | Министерство за финансии |
| НАП | Национален акциски план |
| НИ | Национален известувач |
| НК | Национална комисија |
| НМУ | Национален механизам за упатување |
| ОБСЕ | Организација за безбедност и соработка во Европа |
| ОИМПК | Оддел за илегална миграција и прекуграничен криминал |
| ОН | Обединети нации |
| ОСС1 | Основен суд Скопје 1 |
| СГРМ | Сектор за гранични работи и миграции |
| СЕП | Секретаријат за европски прашања |
| СОП | Стандардни оперативни процедури |
| ТМУ | Транснационален механизам за упатување |
| УЈП | Управа за јавни приходи |
| УКИМ | Универзитет св.Кирил и Методиј |
| УНИЦЕФ | Меѓународен детски фонд на Обединетите нации |
| ЦЛЖТЛ | Центар за лица жртви на трговија со луѓе |
| ЦСР | Центар за социјална работа |



# ВОВЕД

## Цел и методологија за развој на Националната стратегија и Акцискиот план за борба против трговијата со луѓе и илегалната миграција 2013–2016 година

### Мисија и задачи

Изготвувањето на Националната стратегија и Акцискиот план за борба против трговијата со луѓе и илегалната миграција 2013–2016 год е активност која произлегува од посветеноста на Владата за функционален и ефикасен одговор на трговијата со луѓе и илегалната миграција.

Владата на Република Македонија се обврзува на успешна имплементација на стратешките цели и задачи на Националната стратегија, бидејќи тие се суштински чекори за прием на земјата во Европската Унија.

И покрај напредокот на Република Македонија во зајакнувањето на владеењето на правото, безбедноста и институционалните реформи, трговијата со луѓе останува форма на организиран криминал кој претставува опасност за безбедноста и стабилноста на Република Македонија која моментално претставува земја на потекло, транзит и земја на дестинација.

Затоа, целта на оваа Национална стратегија за борба против трговијата со луѓе е да поттикне заедничко разбирање за клучните задачи и суштинските вредности на човековите права во борбата против трговијата со луѓе во Република Македонија. Нејзината мисија е да одреди стратешки приоритети за борба против трговијата со луѓе, да дефинира специфични задачи на задолжените институции/организации, како и да ги усогласи меѓуинституционалните активности за постигнување на поставените цели, како на локално така и на национално ниво.

Мисијата е, исто така, да се обезбеди подобрување на квалитетот на услугите кои им се обезбедуваат на жртвите и да се интензивира истрагата, кривичното гонење и осудување на сторителите. Националниот акциски план има за цел да планира координирани активности на сите засегнати страни и актери, но, да обезбеди широка политичка и финансиска поддршка за имплементација на активностите предвидени со планот.

Националниот акциски план содржи четири области: **поддржувачка рамка, превенција, поддршка и заштита на жртвите и мигрантите и предистражна и кривична постапка на трговијата со луѓе и криумчарењето**

**мигранти**. Во него се содржани поставените цели, очекуваните резултати, поставените приоритетни активности на институциите/организациите во борбата против трговијата со луѓе и илегалната миграција, назначената временска рамка за реализирање, наведени се индикаторите и предвидените фискални импликации. Со наведеното, планирано е активно спроведување на политиките и изнаоѓање насоки за ефикасни одговори на разните модалитети и трендови на трговијата со луѓе и илегалната миграција.

## 1. Методологија на изготвување

Националната стратегија 2013–2016 година и Националниот акциски план беа изготвени од Меѓуресорската работна група формирана од страна на Националната комисија за борба против трговијата со луѓе и илегалната миграција, а составена од претставници на владини институции, граѓански и меѓународни организации[2], а врз основа на претходно спроведена евалуација на исполнетоста на Националната стратегија и Националниот акциски план 2009–2012 г. од страна на независен евалуатор.

Треба да се напомене дека правните реформи и активности планирани од страна на Владата на Република Македонија, генерално, беа успешно имплементирани. Врз основа на овие позитивни чекори, Извештајот за 2009, 2011 и 2012 година подготвен од Стејт департментот на Соединетите Американски Држави, го овозможи влезот на земјата во ТИЕР 1 групата на земји кои ги исполнуваат потребните услови за успешна борба против трговијата со луѓе[3]. Сепак, сè уште треба да се постигне напредок и Владата на Република Македонија е целосно свесна за потребата од понатамошно унапредување на активностите за борба против трговијата со луѓе.

Со оваа Национална стратегија е имплементирана заложбата на Европската комисија со која се става фокус на конкректни мерки кои ќе го поддржат спроведувањето на Директивата за спречување и борба против трговијата со луѓе и заштита на жртвите од неа[4] 2011/36/ЕУ. Директивата, покрај другото, предвидува и зајакнато санкционирање на кривичното дело трговија со луѓе преку одземање на незаконски стекнатиот имот за правосилно осудени лица за кривично дело трговија со луѓе.

Националната стратегија за борба против трговијата со луѓе и илегалната миграција 2013–2016 година е изготвена и според искуството стекнато во спроведувањето на претходните политики и мерки во борбата против трговијата со луѓе и илегалната миграција од националните институции,

---

[2] Види членови на работната група во Анекс II.

[3] Според методологијата користена во ТИП извештајот, земјите можат да се сведат во Тиер 1, Тиер 2 (прегледна листа) или Тиер 3. Во Тиер 1 спаѓаат земји чиишто влади во потполност ги задоволуваат меѓународните стандарди за искоренување на трговијата со луѓе, во Тиер 2 се земјите чиишто влади не ги задоволуваат меѓународните стандарди, но прават значајни напори да ги остварат, а во Тиер 3 се земјите чиишто влади не ги задоволуваат минималните стандарди и не преземаат заложби да ги остварат.

[4] Директива 2011/36/ЕУ за спречување и борба против трговијата со луѓе и заштита на жртвите од неа, ОЈ 15.04.2011, Л 101.

меѓународните организации и здруженијата на граѓани, одговорни за имплементација. Примена на начелата на транспарентност и партиципативност на сите засегнати страни одговорни за имплементација е од исклучително значење во заложбите за постигнување на резултати на планот на трговијата со луѓе во Република Македонија. Заедничкото учество во изготвувањето на Стратегијата и НАП-от овозможува и обврзува нивно активно вклучување во имплементацијата на активностите во борба против трговијата со луѓе.

Беа земени предвид и анализите и препораките од Извештајот на ЕУ за напредокот на земјата за 2011 година и Извештајот на Стејт департментот за 2011 година за трговија со луѓе, Стратегијата на ЕУ за борба против трговијата со луѓе 2013–2016, препораките на националниот координатор и националниот известувач, добиените препораки од извршената евалуација на НАП за борба против трговијата со луѓе и илегалната миграција за 2009–2012 година и НАП за борба против трговијата со деца и прифатените добри пракси во изготвувањето на документот од страна на членовите на работната група со техничката експертиза обезбедена од страна на ГИЗ[5].

Придонес во изготвувањето на Националната стратегија и НАП дадоа и опширните системски истражувања и анализи спроведени со поддршка на ГИЗ во 2012 година, кои се однесуваат на: меѓународната и националната законска рамка за надминување на сиромаштијата со посебен фокус на трговијата со луѓе, оценување на сиромаштијата и мапирање на ранливите групи со фокус на трговијата со луѓе и национални програми и бенефиции во рамките на системот на социјална заштита во Република Македонија. Тие ги дефинираат клучните точки за одредување на стратешките приоритети, политики, активности и методологија за изготвување на Националната стратегија и Националниот акциски план.

## 2. Клучни иновативни карактеристики на Националната стратегија 2013–2016 година и Националниот акциски план за борба против трговијата со луѓе и илегалната миграција

Фокусот на Националната стратегија и Акцискиот план за 2013–2016 година е во согласност со Стратегијата на ЕУ за искоренување на трговијата со луѓе 2012–2016 година.

Стратегијата на ЕУ идентификува **пет приоритети** на кои треба да се фокусира Националната стратегија за да се справи со проблемот на трговијата со луѓе. Се залага за заедничка акција на сите актери, вклучувајќи ги меѓународните

[5] Европска комисија, Извештај за напредокот, СЕЦ (2008) 2695, 5 ноември 2008; Стејт департмент на САД, ТИП Извештај 2008.

организации, граѓанското општество и приватниот сектор. Во таа насока како приоритетни активности ги истакнува следниве:

- Идентификување, заштита и помош на жртвите на трговијата со луѓе
- Зацврстување на превенцијата на трговијата со луѓе
- Поголемо кривично гонење на трговците со луѓе
- Зголемена координација и соработка меѓу клучните актери и усогласеност на политиката
- Поголемо знаење и ефективен одговор на новопојавените проблеми кои се однесуваат на сите форми на трговија со луѓе.

Националната стратегија 2013–2016 година и Акцискиот план на Република Македонија користи веќе воспоставена политика која дава добри пракси во спроведување на претходните национални стратегии и акциски планови, а во исто време дава насоки за развивање на ***нови правни и институционални пристапи*** во следењето на променливата природа на трговијата со луѓе.

## 2.1 Клучни иновативни карактеристики во Националната стратегија и Националниот акциски план

Иако досега борбата против трговијата со луѓе првенствено се фокусираше на трговијата со луѓе со цел сексуална експлоатација, Владата на Република Македонија ја согледува потребата од поширок спектар на активности за борба против трговијата со луѓе, со цел да се опфатат други нејзини форми, ***особено трудовата експлоатација, питачењето и принудните бракови***.

***Особено внимание е посветено на прашањето на трговијата со деца, согласно со препораките дадени од страна на Подгрупата за борба против трговијата со деца.***

Во рамки на **Поддржувачката рамка**, клучни иновативни карактеристики се:

- ***Формирање на локални комисии за трговија со луѓе во соработка со единиците на локалната самоуправа;***
- ***Воспоставување на мобилни тимови на локално ниво за идентификација, помош и поддршка на потенцијалните жртви и ризичните групи;***
- ***Обезбедување на бесплатна здравствена заштита и бесплатна правна помош на жртвите на трговијата со луѓе;***
- ***Воспоставување на државен фонд за обесштетување на жртвите;***



- *Идентификување потенцијални жртви на трговијата со луѓе помеѓу илегалните мигранти;*
- *Воспоставување на централизирана база на податоци за жртви и сторители со обезбедени податоци во однос на родовата димензија на трговијата со луѓе.*

Во рамки на **Превенцијата,** клучни иновативни карактеристики се:

- *Организирање на кампањи за намалување на побарувачката за користење на услуги од жртви на трговија со луѓе /деца;*
- *Економско зајакнување на ранливите групи со олеснување на пристапот до пазарот на трудот (доквалификување, преквалификување, вработување).*

Во рамки на **Поддршката на жртвите и мигрантите,** иновативни карактеристики се:

- *Зголемена ефикасност во идентификацијата, упатувањето и заштитата преку изготвување на индикатори за идентификација на жртвите на трговијата со луѓе /деца по видови на експлоатација.*

Во рамки на **Предистражната и кривичната постапка на трговијата со луѓе и криумчарењето мигранти,** иновативни карактеристики се:

- *Успешно спроведување на меѓународни истраги преку формирање на ЗИТ (заеднички истражни тимови) за трговија со луѓе и илегална миграција.*

Објективниот мониторинг и проценката на адекватната имплементација на планираните активности е интегрален дел на стратегијата и клучен дел од нејзиниот успех.

## 3. Јакнење на веќе постоечките алатки и политики

### Зајакната координација помеѓу институции за борба против трговијата со луѓе на централно и локално ниво и јакнење на регионалната и меѓународната соработка

Клучна карактеристика на НАП за борба против трговијата со луѓе и илегалната миграција 2013–2016 година е соработката помеѓу институциите за борба против трговијата со луѓе на централно и на локално ниво.

Засилена е координативната улога на сите релевантни актери инволвирани во активностите за борба против трговијата со луѓе и илегалната миграција со подобрена координација меѓу централното и локалното ниво. За координација на локално ниво формирани се локални совети.

Владата, исто така, се стреми кон понатамошно јакнење на билатералната и регионалната соработка со соседните земји – особено помеѓу институциите за спроведување на законот и судските власти – бидејќи една ефикасна стратегија за борба против трговијата со луѓе првенствено се потпира на цврста оперативна и стратешка меѓународна соработка. Во таа насока ќе бидат склучувани протоколи помеѓу земјите потписнички на Виенската конвенција, договори за реадмисија и протоколи за имплементација, како и регионални средби и студиски посети заради размена на добри пракси.

## Зајакнат фокус на идентификација и индивидуално приспособени програми за спречување на секундарната виктимизација

Активностите предвидени со НАП за 2013–2016 година ќе ги усовршуваат постоечките процедури за идентификација на жртвите на трговијата со луѓе и илегалните мигранти преку **оспособени, компетентни професионалци**.

Ќе бидат зајакнати капацитетите на локално ниво и координацијата помеѓу институциите вклучувајќи го и граѓанскиот сектор со воспоставување на мобилни тимови на локално ниво за идентификација, помош и поддршка на потенцијалните жртви и ризичните групи.

Владата ќе се залага за понатамошно подобрување на заштитата на жртвите во претстојниот период, со што ќе овозможи секоја жртва да добие ***бесплатна правна помош и здравствена заштита, како и институционална заштита.***

Индивидуалните планови за помош ќе бидат приспособени на потребите на секоја жртва, со цел да се овозможи успешен процес на рехабилитација и реинтеграција.

Механизмите за компензација ќе бидат целосно ефективни со донесување и имплементација на Законот за државен фонд за обесштетување на жртви.

Владата се обврзува да реализира практични програми за ***економско јакнење на жртвите*** со олеснување на пристапот до пазарот на трудот преку доквалификација, преквалификација и вработување на припадниците на ранливите групи.

## Унапредување на истражната постапка и напорите за кривично гонење - МВР

Законската регулатива за борба против трговијата со луѓе постојано се развива во изминатите години и нуди ефикасна рамка за борба против трговијата со луѓе. Освен тоа, Владата презеде мерки за зајакнување на капацитетите на институциите надлежни за гонење на сторителите. Со измените во Законот за јавно обвинителство е формирано Основно јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција, а со измените во Законот



за судови, надлежноста за гонење на кривичните дела од областа на трговија со луѓе е доделена на Основниот суд Скопје 1, со што се овозможува поголема специјализираност и ефикасност во водењето на постапките. Со донесувањето на новиот Закон за кривична постапка во ноември 2010 г. истражната постапка се доверува во надлежност на Јавното обвинителство, се формира Правосудна полиција која е надлежна за откривање на кривични дела и сторители, којашто функционално е подредена на надлежното Јавно обвинителство.

Со овие суштински измени се очекува подобрување на квалитетот на истрагите кои ќе ги спроведува Правосудната полиција во непосредна соработка со надлежното Јавно обвинителство.

Посебните истражни мерки како правна алатка при водењето на истрагите од страна на Јавното обвинителство и Правосудната полиција ќе овозможат обезбедување на квалитетни докази против сторителите.

Активности за одржливо градење на капацитети се предвидуваат со новиот Национален акциски план во рамките на компетентни институции за тренинг – како што е Академијата за обука на судии и обвинители – со цел да се надминат постоечките логистички недостатоци и несоодветната употреба на постоечките правни одредби, особено во врска со употребата на веќе постоечките специјални мерки за истражување и заштита на сведоци[6]. Новиот Акциски план, исто така, вклучува клучни мерки со кои се зајакнува статусот на жртвата во текот на судската постапка.

## 4. Стратешки ориентации кои се однесуваат на подобрување на превенцијата, заштитата, безбедното враќање во татковината и рехабилитацијата на жртвите на трговијата со луѓе и илегалната миграција според Националниот акциски план за 2013–2016 година

Трендот на трговијата со луѓе во Република Македонија во изминатиот период покажува значајни промени во бројот и профилот на лицата тргувани во/преку и од територијата на Република Македонија. Треба да му се посвети внимание на проучувањето на „новите" видови трговија со луѓе, вклучувајќи ја трудовата експлоатација, питачењето и принудниот брак, бидејќи поголем број идентификувани жртви се жртви на „новите видови" трговија со луѓе кои воедно се и малолетни лица.

[6] Види Извештај за прогрес на ЕУ за 2008; Коалиција Сите за правично судење, „Трговијата со луѓе и илегалната миграција видена од страна на клучните актери во кривичната постапка", декември 2008.

Стратешките ориентации кои се однесуваат на подобрување на превенцијата се фокусираат на идентификување на причините за појава на трговијата со луѓе/деца и илегална миграција и во таа насока ќе се развива истражувањето и анализата за идентификување на ризиците и ризичните групи за трговија со луѓе и илегална миграција со фокус на децата, а со што ќе се постават приоритетите за подобрување на активностите за превенција. Зголемувањето на јавната свест во врска со трговијата со деца и зајакнувањето на капацитетите на надлежните институции/организации, како и медиумите за реализација на превентивни активности, ќе се спроведува преку обуки. Подигањето на јавната свест ќе биде спроведено преку кампањи за намалување на побарувачката за користење на услуги од жртвите на трговијата со луѓе/деца. Превенцијата ќе вклучува и специфични мерки за економско зајакнување на ранливите групи за пристапот до пазарот на трудот со доквалификување, преквалификување и вработување.

Заштитата на жртвите и мигрантите ќе биде подобрена со обезбедување и имплементација на законски основ за бесплатна правна помош на жртвите на трговијата со луѓе и обезбедување на континуирани социјални услуги на жртвите на трговијата со луѓе, како и донесување на Закон за државен фонд за обесштетување на жртви.

Директна помош и заштита на жртвите и мигрантите ќе се дава во Центарот за лица жртви на трговијата со луѓе и Прифатниот центар за странци, каде ќе им биде обезбеден стандарден пакет услуги за основните потреби, правна, медицинска, психосоцијална помош и вклучување во образовниот процес.

Интегрирањето на жртвите на трговијата со луѓе /деца во социјалната средина ќе се реализира преку изготвување на унифицирана програма за помош, поддршка и реинтеграција на жртвите на трговијата со луѓе и ревидирање на програмата за реинтеграција и ресоцијализација на децата, како и преку развивање на алтернативни форми на заштита.

Во контекст на заштитата на жртвите и илегалните мигранти, ќе бидат обезбедени средства за нивна репатријација. Безбедното враќање на странските жртви на трговијата со луѓе ќе се остварува со помош на меѓународните организации во матичните земји.

Ќе бидат изготвени критериуми за избор на здруженија на граѓани кои ќе бидат вклучени во заштитата на жртвите на трговијата со луѓе /деца, а кои ќе бидат партнери на институциите во обезбедување на наведените услуги.



# I. ВОДЕЧКИ ПРИНЦИПИ НА НАЦИОНАЛНАТА СТРАТЕГИЈА И АКЦИСКИОТ ПЛАН ЗА БОРБА ПРОТИВ ТРГОВИЈАТА СО ЛУЃЕ И ИЛЕГАЛНАТА МИГРАЦИЈА

Националната стратегија и НАП за 2013–2016 година целосно се во согласност со клучните принципи кои ја регулираат имплементацијата на Владината Резолуција за миграционата политика на Република Македонија 2009–2014[7], ја следат структурата заснована врз меѓународните и ЕУ стандардите[8], стратегијата на ЕУ за 2013–2016 и моделите на сеопфатни активности за борба против трговијата со луѓе развиени од ИЦМПД[9].

Водечките принципи се рефлектираат преку стратешките области и цели дефинирани според четирите основни компоненти на активности за борбата против трговијата со луѓе, односно **поддржувачка рамка, превенција, поддршка и заштита на жртвите и мигрантите и предистражна и кривична постапка на трговијата со луѓе и криумчарењето мигранти.**

## Принцип 1. Владина одговорност за Стратегијата

Владата на Република Македонија **презема целосна одговорност и надлежност** во одредување на целите, имплементирање на активностите и постигнување на резултатите од спроведените активности како национален одговор на проблемот со трговијата со луѓе и илегалната миграција.

Одговорност на Владата и во наредниот период е да врши распределба на финансиски средства за покривање на правни, здравствени и социјални услуги на жртви на трговијата со луѓе. Исто така, потребно е да се предвиди опаѓање на финансиската поддршка од страна на меѓународната заедница и навремено обезбедување одржливост за спроведување на активностите во борбата против трговијата со луѓе.

Затоа, потребно е да се обезбеди одржливост на активностите за борба против трговијата со луѓе преку зголемена мобилизација на човечките

---

[7] Според оваа Резолуција, домашната миграциона политика се води по следниве клучни принципи:
- Конзистентност – усогласување на специфични политики (политика за управување на миграциони процеси; политика која ја зесегнува дијаспората; имиграциона политика: политика за заштита на бегалци; политички азил, политика на интеграција) помеѓу нив и со миграционата политика во поширока смисла;
- Компатибилност – усогласување на миграционата политика со економската, социјалната, демографската и културната политика на Република Македонија. Верификација на усогласувањето помеѓу целите на гореспоменатите политики, ефикасноста на усвоените мерки, влијанието на миграционата политика и приспособување на измените во миграционите процеси;
- Транспарентност – во имплементацијата на дадените политики и севкупната миграциона политика на административни процедури и јавни давачки, со цел стекнување јавна доверба и поддршка;
- Одржливост – во смисла на нацртот, подготовката и мониторингот на имплементацијата на миграционата политика.

[8] Акционен план на ЕУ за најдобри практики, стандарди и процедури за сузбивање и превенција на трговијата со луѓе, ОЈ Ц 311, 9 декември 2005, стр.1.

[9] ИЦМПД, „Водич за развој и имплементација на опширната борба против трговијата со луѓе", Европска програма за јакнење на борбата против трговијата со луѓе во Југоисточна Европа. 2006 достапно на хттп//њњњ.анти-траффицкинг.нет.

и финансиските ресурси, како и континуирани обуки кои ќе овозможат зголемување и одржливост на знаењето со кои ќе се зајакнат капацитетите на надлежните институции/организации за имплементирање на активностите.

## Принцип 2. Учество на граѓанскиот сектор

Борбата против трговијата со луѓе не е одговорност исклучиво на иституциите на Владата. Владата на Република Македонија потврдува дека и развојот и имплементацијата на програмите и мерките за борба против трговијата со луѓе мора да вклучуваат и засегнати страни кои се независни од државата, и кои се надвор од владината и јавната администрација. Здруженијата на граѓани играат активна улога во *имплементацијата на истражувањата и анализите, спроведувањето на превентивни активности, обезбедувањето помош и поддршка на жртвите во прифатилиштата и во процесот на реинтеграција во социјалната средина.*

Владата на Република Македонија се обврзува да гради партнерски однос со здруженија на граѓани кои покажуваат сигурност и професионализам преку изготвување на критериуми за избор на здруженија на граѓани кои ќе бидат вклучени во давање помош и заштита на жртви на трговијата со луѓе.

## Принцип 3. Третман на жртвите заснован врз човековите права

Националната стратегија за борба против трговијата со луѓе нормативно и оперативно се заснова на меѓународните стандарди за човекови права, особено оние вклучени во европската Конвенција за заштита на човековите права и елементарни слободи, како и на соодветните протоколи[10].

- Право на живот (член 2);
- Право да не се биде подложен на измачување, нечовечки и деградирачки третман (член 3);
- Забрана на ропство и принудна работа (член 4):
- Право да не се биде држен незаконски во заточеништво (член 5)
- Право на фер-судење (член 6)

Владата на Република Македонија потврдува дека националните механизми за идентификација, заштита и упатување на жртвите, како и целата судска постапка, целосно се во согласност со овој пристап на човековите права. Владата се стреми кон ***понатамошно унапредување на заштитата на правата на жртвите*** во насока на обезбедување правни информации,

[10] Конвенција за заштита на човековите права и елементарни слободи, изготвена во Рим, 4. XI 1950, Серија договори на Советот на Европа бр. 44.

физичка и правна заштита, материјална помош и надомест кои водат кон овозможување нивна одржлива интеграција и рехабилитација во општеството.

*Превенцијата на трговијата со деца и адекватната заштита е постојан приоритет на Владата и е идентификувана како еден од клучните предизвици за претстојниот период.*

## Принцип 4. Интердисциплинарна координација и партиципативен пристап

Мерките вклучени во Националниот акциски план 2013–2016 година се спроведуваат преку активно учество на сите засегнати страни во нејзината имплементација.

За успешно остварување на планираните мерки потребна е **интердисциплинарна координација со комбинирање на знаења и стручност со што се обезбедува учеснички пристап на различни дисциплини. Владата е одговорна** *за промоција и координација на мултиинституционални и сеопфатни напори* и активно учество на сите засегнати страни во нејзината имплементација.

## Принцип 5. Одржливост

Националната стратегија е концептуализирана како платформа на јасни, добро дефинирани и реални цели и задачи кои водат кон активно учество на сите засегнати страни во нејзината имплементација.

Владата е одговорна за развивање на систем за мониторинг кој ја оценува имплементацијата на НАП, како од квантитативна така и од квалитативна перспектива.

Тоа осигурува дека *структурите и алатките ќе издржат низ целиот период преку распределба на соодветни финансиски и човечки ресурси, прилагодени на променливи услови.*

# II АНАЛИЗА НА СОСТОЈБАТА И ПРОЦЕНА НА ПОСТОЕЧКАТА ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА

## 1. Трендови на трговијата со луѓе и илегалната миграција во Република Македонија

### Анализа на состојбата

Анализата на сегашната состојба е насочена кон обезбедување сеопфатна слика за трендовите на трговијата со луѓе и илегалната миграција во Република Македонија. Според досега спроведените истражувања од национални и меѓународни заинтересирани страни, постојано се оценува дека трговијата со луѓе загрижува најмногу во земјите со социјална ранливост на жртвите како главен фактор. Ранливоста потекнува од економски и социјални фактори, како што се: сиромаштијата, половата дискриминација, семејното насилство и други лични состојби на жртвата (како возраст, здравствена состојба, посебни потреби).

Статистиките и истражувањата покажуваат дека земјата моментално се соочува со еволуција во поглед на природата и трендовите на трговијата со луѓе. Спротивно на состојбата во земјата до 2004 година каде најголем број од жртвите беа странски државјани, по кризата во Косово може да се забележи намален број на жртви со странско потекло и зголемување на бројот на домашни жртви и деца внатрешно тргувани, најчесто регрутирани од источните рурални средини со цел нивна експлоатација во урбаните подрачја во западна Македонија[11]. Навистина, состојбата се промени по 2007 година, како што атрактивноста на Македонија како посакувана дестинација опадна со интеграцијата на некои земји во ЕУ кои важеа за „традиционални извори" (Романија и Бугарија) и економскиот развој на некои други источноевропски земји.

Анализирајќи го периодот 2008–2012 г. на откриени случаи на трговија со луѓе и криумчарење на мигранти може да се констатираат следните карактеристики:

Во делот на трговија со луѓе карактеристична е внатрешната трговија, жртвите во најголем број се малолетни на возраст од 14 до 17 г. Начинот на регрутација е по пат на измама со лажно ветување за легално вработување во угостителски објекти. Жртвите најчесто потекнуват од источниот и централниот дел на Македонија. Експлоатацијата се врши во угостителски објекти во западниот дел на Македонија: Тетово, Гостивар и Кичево. Трговците во најголем број

[11] ИОМ, Регионален извештај, втор Годишен извештај за жртви на трговијата со луѓе од земјите од Југоисточна Европа, 2005.

случаи се и сопственици на угостителските објекти или нивни соработници. Експлоатацијата е по пат на присилна проституција и трудова експлоатација во самите угостителски објекти.

Карактеристичен е новиот тренд на трговија со луѓе преку присилни или договорени бракови. Жртвите се исклучиво од ромска етничка припадност, што е поврзано и носи корени од традиционалното обичајно право меѓу Ромите да се договара брак или т.н. „невеста по нарачка" и се исклучиво малолетни на возраст од 14 до 17 год. и се застапени од сите краишта на Република Македонија. Трговците или нарачателите на невести најчесто се од Србија и од Република Македонија, а кои се наоѓаат на привремена работа во земјите на ЕУ.

По пристигнување на жртвата во земјата на дестинација таа е подложена на силувања, малтретирање и физичко казнување од членовите на семејството на момчето, за подоцна да биде сексуално и трудово експлоатирана.

Исто така, во тренд на зголемување е и трговијата со цел трудова експлоатација на машки малолетни и полнолетни жртви од Република Македонија и Албанија, како овчари на трла во западниот дел на Република Македонија. Исто така, идентификувани се случаи на трудова екслоатација на наши градежни работници на градилишта надвор од Република Македонија (случајот Азербејџан).

Во делот на илегалната миграција може да се констатира следниот тренд:

Република Македонија со својата географска положба спојувајќи го Истокот со Западот останува земја на транзит на илегалните мигранти. Како земји на потекло на илегалните мигранти најчесто се јавуваат Авганистан, Пакистан, земјите на Блискиот и Далечниот Исток и Северна Африка.

Влезот на илегалната миграција исклучиво е од Грција, а најчесто на подрачјето на Гевгелија и блиската околина. Излезот најчесто е кон Србија преку илегални премини на подрачјето на општина Липково, а селата Ваксинце и Лојане се јавуваат како илегални прифатни центри пред илегалното напуштање на територијата на Република Македонија. Во последно време е отворен и нов крак кон Косово, за да продолжи кон Црна Гора, БиХ и Хрватска.Транзитот низ Република Македонија се прави на организиран начин од страна на криминални групи, најчесто од подрачјето на Скопје, Куманово и Гевгелија. Нов тренд е транзитирање организирано од страна на водичи од Авганистан и Пакистан кои се илегални мигранти, а се принудувани од страна на криминалните групи по основ на паричен долг за криумчарењето да работат како водичи на мигранти за одреден период. Транспортот најчесто се врши со патнички моторни возила, редовни автобуси на линија Гевгелија-Скопје-Куманово и редовни линии на Македонски железници.

# 2. Институционална рамка за борба против трговијата со луѓе

Соработка помеѓу различни фактори може најдобро да се обезбеди преку формализирани механизми и процедури кои ќе креираат посветеност и јасна распределба на улогите и задачите на институциите кои се вклучени.

## 2.1 Поддржувачки Владини институционални механизми

Од 2001 година, Република Македонија има развиени специјализирани институционални механизми за борба против трговијата со луѓе. Тие се насочени кон обезбедување на висока координација на различните засегнати страни и пристап во кој жртвата е во прв план во борбата против трговијата со луѓе.

### Национална комисија за борба против трговијата со луѓе и илегалната миграција

Националната комисија е меѓуминистерско тело составено од претставници на: Министерството за внатрешни работи, Министерството за надворешни работи, Министерство за труд и социјална политика, Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција, судија од Основниот суд Скопје 1[12], Министерството за правда, Министерството за образование и наука, Министерството за здравство и Царинската управа на Република Македонија.

Националната комисија е формирана од Владата во 2001 година[13], со задача да врши:

- Мониторинг и анализа на состојбите во врска со трговијата со луѓе и илегалната миграција;
- Координирање на активностите на надлежните владини институции;
- Соработка со релевантни меѓународни организации и здруженија на граѓани.

### Секретаријат на Националната комисија

Формиран е во 2003 година од страна на Националната комисија и претставува нејзино извршно тело кое работи под надлежност на Комисијата и е одговорно за прифаќање и имплементација на одлуките на Националната комисија.[14]

---

[12] Измени на членовите на Националната комисија објавени во Сл.весник на РМ, бр.32/2011

[13] Одлука објавена во Службен весник на Република Македонија, бр. 18/2001

[14] Во Секретаријатот членуваат претставници на меѓународни организации, здруженија на граѓани и експерти од владините институции: МВР-ЕБПТЛКМ, МТСП-НМУ, Американска амбасада, ICMPD, OSCE, GIZ, UNICEF, IOM, Регионален Центар - MARRI, здруженија на граѓани: „Отворена порта“, „За среќно детство“ ,„Семпер“, „Езерка“- Струга и Црвен крст на Република Македонија.

### Подгрупа за борба против трговијата со деца

Подгрупата за борба против трговијата со деца е формирана во 2003 година во рамките на Националната комисија. Активностите на ова тело се фокусирани на превенција на трговијата со деца и подобрување на заштитата на малолетните жртви, како и координација на соработката помеѓу засегнатите страни.[15]

### Националниот известувач во Република Македонија

Во Република Македонија, националниот известувач за трговија со луѓе е востановен по предлог на Националната комисија, а назначен е од страна на Владата во 2009 година[16].

Според својот мандат, националниот известувач е одговорен за:

- Надгледување на севкупните активности за борбата против трговијата со луѓе;
- Собирање и анализа на податоци (квалитативни и квантитативни информации) од релевантните партнери;
- Мониторинг и евалуација на имплементираните активности по НАП;
- Донесување заклучоци и давање препораки за подобрување и усовршување на борбата против трговијата со луѓе во однос на имплементацијата на закони, политики за подобар институционален одговор и препораки за ревизија на стратешките цели, и
- Изготвување на годишен извештај.

Досега, националниот известувач има изготвено извештаи за 2009 година, 2010 година и 2011 година кои се однесуваат на состојбите на борба против трговијата со луѓе и илегалната миграција и се доставени до Националната комисија за борба против трговијата со луѓе и илегалната миграција и до пошироката јавност.

### Канцеларија на националниот координатор

Канцеларијата на националниот координатор е сместена во рамките на Министерството за внатрешни работи и почна да работи во април 2007 година со поддршка од мисијата на ОБСЕ со цел да обезбедува техничка и логистичка поддршка на Националната комисија.

Канцеларијата на националниот координатор располага со специјализирана литература / библиотека со публикации за трговијата со луѓе и илегалната

---

15 Со Подгрупата претседава советник за заштита и превенција од трговија со луѓе од МТСП-НМУ, а членуваат претставници на: МВР-ЕБПТЛКМ, МВР-СГРМ, Амбасадата на САД во Скопје; ИЦМПД, ОСЦЕ, ГИЗ, УНИЦЕФ, ИОМ, здруженија на граѓани: „Отворена порта", „За среќно детство", „Еднаков пристап" и заменикот на народниот правобранител во улога на надворешен член/набљудувач.

16 (Одлука на Владата објавена во Службен весник на РМ бр. 23 од 19 февруари 2009)

миграција за Р Македонија, земјите во Југоисточна Европа, како и земјите од целиот свет.

Во 2009 година канцеларијата на националниот координатор е институционализирана, со што се зајакнати капацитетите на Националната комисија и националниот известувач за борба против трговијата со луѓе и илегалната миграција.

### Национален механизам за упатување (НМУ)

Основата на механизмите на борбата против трговијата со луѓе е Националниот механизам за упатување на жртви на трговијата со луѓе, кој е основан во 2005 година со поддршка на мисијата на ОБСЕ во Скопје, и функционира во рамките на Министерството за труд и социјална политика.

Мандатот на Националниот механизам за упатување е да обезбеди адекватна идентификација, помош и заштита, засновани врз меѓународните стандарди за човекови права за жртви на трговијата со луѓе, особено малолетни лица и без оглед на националноста, етничката припадност, возраста или полот. Националниот механизам за упатување ја опфаќа координативната канцеларија и вкупно 61 професионалец од 30 центри за социјална работа низ Македонија, како и еден претставник од Заводот за социјални дејности. Професионалците од Националниот механизам за упатување тесно соработуваат со МВР/ЕТЛКМ, со релевантни претставници од здруженија на граѓани и други засегнати страни во процесот на упатување и помош на жртвите на трговијата со луѓе. Успешната соработка овозможува систем на упатување без недостатоци[17].

Во јануари 2010 година, беа развиени стандардни оперативни процедури под надлежност на канцеларијата на Националниот механизам за упатување, коишто беа усвоени од Владата, со цел да се дефинираат принципите, актерите и нивните одговорности во севкупниот процес на помош, заедно со упатствата за соработка помеѓу актерите на локално, национално и транснационално ниво.

[17] Ми нистерство за труд и социјална политика на Република Македонија, проект Национален механизам за упатување, финален извештај за напредокот, 15 јануари 2008.

**Шематски приказ: Поддржувачки Владини институционални механизми**



## 2.2 Владини институции и услуги обезбедени од здруженија на граѓани

### Прифатен центар за странци / Центар за лица жртви на трговијата со луѓе

Во Република Македонија постојат два објекта во кои се обезбедува прифаќање и сместување на странски и домашни жртви на трговијата со луѓе/деца:

**Прифатниот центар за странци** е објект во сопственост на Владата на Република Македонија, управуван од Министерството за внатрешни работи / Сектор за гранични работи, кој е во функција од април 2001 година и е наменет за сместување на странски државјани, претпоставени жртви и жртви на трговијата со луѓе и илегалните мигранти.

Во Прифатниот центар за странци на сместените лица, стручниот тим18 им обезбедува сместување, медицинска помош и заштита, правни совети и застапување и психосоцијална поддршка, како и услуги за враќање и реинтеграција.

Од 2001 година, ИОМ обезбедува директна помош на жртвите на трговијата со луѓе[19].

**Центар за лица жртви на трговијата со луѓе (ЦЛЖТЛ)**[20] е државно прифатилиште отворено на 28.1.2011 година од страна на МТСП во согласност со обврските кои произлегуваат од Законот за социјална заштита[21].

Во Центарот се сместуваат жртвите на трговијата со луѓе, домашни државјани и странски жртви кои имаат добиено дозвола за привремен престој. Во Центарот за лица жртви на трговијата со луѓе директна помош и поддршка даваат две здруженија на граѓани со кои МТСП има потпишано меморандум за соработка:

- социјална поддршка од здружението на граѓани „Отворена порта" и
- психолошка поддршка од здружението на граѓани „За среќно детство"

Важно е да се напомене дека Владата ја поддржува оваа структура со покривање на трошоците за 24-часовна безбедност, и финансиска поддршка на две невладини организации за директна помош и поддршка на жртви на трговијата со луѓе сместени во овој Центар.

***Стратешки ориентации кои се однесуваат на усовршување на институционалната и оперативната рамка во рамките на Националниот акциски план 2013–2016 година***

[18] Стручниот тим во Прифатниот центар за странци е зајакнат во 2011 год. со вработување на психолог и социјален работник.
[19] Извор: ИОМ Скопје, статистика за асистирани жртви на трговијата со луѓе - директна помош на вкупно 785 жртви на трговија, од кои 776 странски и 9 македонски државјани.
[20] Извор: МТСП/НМУ: од отворањето, заклучно со август 2012, во Центарот за лица жртви на трговијата со луѓе сместени се 10 лица.
[21] Сл. весник на РМ бр.79/09 чл.26, чл.31 и чл.132

Во согласност со принципот за одговорноста на Владата и потребата за одржливост на активностите за борба против трговијата со луѓе, Владата ќе обезбеди:

- Адекватни човечки, технички капацитети и финансиска поддршка за унапредување на областа трговија со луѓе и криумчарење мигранти;
- Владата се обврзува да ја развива *координацијата со локалните власти*, со цел да ги подобри капацитетите за борба против трговијата со луѓе во Република Македонија;
- Владата се обврзува да го надомести моменталнот недостиг на точни статистички податоци преку воспоставување на централизирана база на податоци за жртви и сторители.

Севкупните активности за борбата против трговијата со луѓе ќе бидат надгледувани од *националниот известувач* кој е одговорен за системско собирање и анализа на податоците кои се добиваат со развиена методологија (квалитативни и квантитативни информации), како и вршење на мониторинг и евалуација на имплементираните активности по НАП.

# 3. Правна рамка за борбата против трговијата со луѓе и политиката на кривично гонење

### Анализа на развојот на правната рамка за борбата против трговијата со луѓе и политиката на кривично гонење

Кривичното дело трговија со луѓе беше воведено во македонското законодавство со амандмани и дополнувања на Кривичниот законик (25 јануари 2002) како дел од членот 418-а. Република Македонија ја има ратификувано Конвенцијата на Обединетите нации против транснационалниот организиран криминал и двата дополнителни протоколи од Палермо (2000 г.), како и Конвенцијата на СЕ за борба против трговијата со луѓе, со што го хармонизира своето национално законодавство со меѓународните стандарди и создаде широка правна рамка за борба против трговијата со луѓе со посебен фокус на децата[22].

Членот 418 кој го дефинира кривичното дело трговија со луѓе беше изменет во март 2004 година. Амандманите од 2004 се однесуваат на параграф 1 од членот 418-а, и нудат попроширена листа на формите на експлоатација отколку оние пропишани со Протоколот Палермо како *„експлоатација преку проституција или други форми на сексуална експлоатација, порнографија, принудна работа или слугување, ропство, принудни бракови, принудно*

[22] Види Анекс 1 Листа на домашни и меѓународни инструменти за борба против трговијата со луѓе кои се правно на сила во Република Македонија.

*оплодување, незаконско посвојување, или слични односи или нелегално трансплантирање на човечки органи”.*

Во случај жртвата да е дете или малолетно лице, минималната казна е зголемена и на сторителот ќе му биде изречена казна затвор од најмалку осум години. Освен тоа, амандманите го криминализираат и ангажирањето на правното лице – во случај последното да го извршило кривичното дело, и исто така пропишуваат одземање на објектите и транспортните средства со кои кривичното дело е извршено.

Амандманите од 2004 година од Кривичниот законик на Македонија, како дополнување на воведувањето на кривичното дело трговија со луѓе во членот 418-а, исто така воведуваат две нови кривични дела - *Криумчарење мигранти* во членот 418-б и *Организирање групи и поттикнување трговија со луѓе и криумчарење мигранти* во членот 418-в.

Кривично-правната рамка беше зајакната во 2005 година со усвојувањето на *Законот за заштита на сведоци* со што домашното законодавство се усогласи со одредбите на вториот дополнителен протокол на Европската конвенција за заедничка помош во кривичните работи[23].

Во 2007 година, Министерството за правда спроведе анализи за компатибилноста на националното законодавство со одредбите на Конвенцијата на *Советот на Европа за борба против трговијата со луѓе* и состави извештај со препораки за сите правни и законодавни интервенции што треба да се преземат пред ратификацијата на Конвенцијата[24]. Кривичниот законик и Законот за кривична постапка беа изменети во насока на дополнување и подобрување на постоечките мерки за *идентификација и заштита на децата (потенцијални) жртви на трговија со луѓе.*

Во 2008 година, новиот Закон за странци е претставен како *заштитна политика за превенција од илегалната миграција и трговијата со деца* преку налог за построги мерки/барања за влез на непридружувани малолетни лица на територијата на Република Македонија. Новиот Закон за странци, исто така, овозможува период на одлучување во траење до два месеци за странските жртви кој им дозволува на жртвите повеќе време за да добијат помош и да одлучат дали ќе сведочат против трговците со луѓе. На жртвата по периодот на одлучување % се издава дозвола за привремен престој во траење од шест месеци со можност за нејзино продолжување доколку судскиот процес се продолжи. Конвенцијата на Советот на Европа за борба против трговијата со луѓе е ратификувана на 14 април 2009 год[25].

Со измените на КЗ на Република Македонија во јануари 2008 година е воведено ново кривично дело *Трговија со малолетно лице* со член 418-г со

23 Конвенција на Советот на Европа изготвена во Стразбург, 8. ЦИ 2001, серија договори бр. 182.
24 Тања Кикерекова, Предратификациона анализа на Конвенцијата на Советот на Европа за активности против трговијата со луѓе, 2007.
25 Службен весник 49/2009.

што е даден посебен акцент на заштитата на малолетните жртви на трговијата со луѓе и гонењето на сторителите кадешто минималната казна предвидена за ова кривично дело е осум години. Новите членови ги криминализираат и одредуваат основните форми на трговија со луѓе и криумчарење мигранти, формите на криминал кои можат да предизвикаат посериозни и потешки последици, како и казната за делата организирање и иницирање како такви.

Ако се направи преглед на легислативните реформи во 2009 година, се забележува дека во Законот за семејство за првпат во Република Македонија се поставува прашањето за заштита на децата жртви на трговијата со луѓе и во него се додава нова глава В-а – „Старателство над малолетни лица жртви на трговија со луѓе", со шеснаесет нови члена.

Во септември 2009 година беа донесени измени на Кривичниот законик, на членовите 418-а, б и г. Се санкционира одговорноста на службените лица при вршење на дела поврзани со трговијата со луѓе, и тоа најмалку осум, односно десет години затвор, доколку жртвата е малолетно лице.

Засилувањето на заштитата на лицата жртви на трговијата со луѓе со законодавна рамка во јуни 2009 година продолжува со донесувањето на Законот за социјална заштита, во кој е внесена одредба (чл. 31) со која се врши заштита на лицата жртви на трговијата со луѓе.

Во Измените и дополнувањата на Законот за заштита на децата во 2009 година, во член 9, се забрануваат сите облици на сексуално искористување и сексуална злоупотреба на децата (детска порнографија, детска проституција), насилно подведување, продажба или трговија со деца, психичко или физичко насилство и малтретирање, казнување или друго нечовечко постапување, сите видови експлоатација, комерцијално искористување и злоупотреба на деца, со кои се кршат основните човекови слободи и права и правата на детето.

Во согласност со обврските кои произлегуваат од Законот за социјална заштита, член 26 и член 31, заштита на лицата жртви на трговијата со луѓе овозможува Центарот за лица жртви на трговијата со луѓе (член 132). На 28.1.2011 година е отворено државно прифатилиште за заштита на лицата жртви на трговијата со луѓе, т.е Центар за лица жртви на трговија со луѓе. За функционирање на овој Центар, според меѓународните стандарди за човекови права, се изработени интерни документи кои се однесуваат на постапките и на процедурите на упатување, сместување, престој, на правилата за однесување на ангажираниот персонал, на протоколот за заштита и сл.

Развој на законската рамка за заштита на жртвите на трговијата со луѓе се забележува и во ревидирањето на содржините на СОП за помош на жртвите на трговијата со луѓе, усвоено од Владата на Република Македонија во 2010 година.

Владата на Република Македонија целосно ги исполнува минималните стандарди за елиминација на трговијата со луѓе. Владата направи значајни чекори во своите напори за спроведување на Законот за борба против трговијата со луѓе, кривично гонејќи голем број на сторители, како и поднесувајќи обвинение и осудувајќи лица за соучество во трговијата со луѓе во 2011 година[26]

**Стратешки ориентации кои се однесуваат на подобрување на правната рамка и кривичното гонење во согласност со Националниот акциски план 2013–2016 година**

Сегашната правна рамка нуди опсежна основа за заштита на жртвите, предистражна постапка, истрага и кривична постапка за кривични дела поврзани со трговијата со луѓе. Владата и понатаму ќе ја унапредува заштитата на жртвите во претстојниот период преку унапредување на законскиот основ за заштита на правата на жртвите со обезбедување *бесплатна здравствена заштита и правна помош за секоја жртва*. Планирани се измени и дополнувања на Законот за социјална заштита, чл.145, со цел *продолжување на рокот за сместување на жртвите на трговијата со луѓе во Центарот за лица жртви на трговијата со луѓе.* Остварувањето на механизми за компензација ќе биде успешно со донесување на Закон за *државен фонд за обесштетување на жртви.*

Кривично-правната рамка за трговијата со луѓе и илегалната миграција беше подобрувана, но, и во иднина ќе се работи на нејзино унапредување.

Со новиот Закон за кривична постапка, надлежните институции за водење на истраги и кривично гонење (МВР и ЈО) ќе овозможи ефикасна предистражна постапка со обезбедување на квалитетни докази за успешно спроведување на кривични постапки против сторителите, со осудителни пресуди.

***Правата на жртвите*** ќе бидат унапредени со обезбедување на пристап до бесплатна правна помош, именување правни застапници во случај жртвата да е малолетно лице, но, исто така, и со развивање активности за градење на капацитети и обуки за судии и обвинители.

Владата се стреми кон понатамошно *зајакнување на регионалната и меѓународната соработка и координација* токму поради тоа што ефикасната стратегија за борба против трговијата со луѓе се заснова на цврста оперативна и стратешка меѓународна соработка со трети земји.

Напорите на истражната постапка и кривичното гонење ќе бидат зајакнати на регионално ниво преку целосна имплементација на Виенската конвенција (2006) за полициска соработка во Југоисточна Европа

Меѓународната правна соработка ќе биде континуирано промовирана преку студиски посети, обуки и семинари.



[26] Извештајот на Стејт департментот за трговија со луѓе за 2011 година, Македонија во ТИР1)

# III. СТРАТЕШКИ ОБЛАСТИ

## 1 – ПОДДРЖУВАЧКА РАМКА

### Стратешка цел 1. Координирачки структури

*Специфични цели:*

а) Зајакнување на координативната улога на Национална комисија и подобрена транспарентност во спроведување на активностите;

б) Зајакнување на улогата на Национална комисија на локално ниво;

в) Подобрување на координацијата и соработката помеѓу институциите на централно и локално ниво за идентификација, помош и поддршка на потенцијалните жртви и ризичните групи;

***Очекувани резултати:***

а) Обезбедено редовно и активно учество на членовите на Национална комисија и нејзините работни тела;

б) Подобрен проток на информации од членовите на Националната комисија до матичните институции / организации;

в) Зголемена информираност на членовите на Секретаријатот за активностите на нивните институции / организации;

г) Формирани локални комисии за трговија со луѓе и спроведени активности согласно со НАП на локално ниво;

д) Зајакнати капацитети на локално ниво и координација помеѓу институциите вклучувајќи го и граѓанскиот сектор.

***Засегнати страни и партнери:*** национален координатор, национален известувач, Национална комисија и Секретаријат, ресорни министерства институции и здруженија на граѓани, владини институции на локално ниво, единиците за локална самоуправа, Министерство за труд и социјална политика, Министерство за внатрешни работи.

***Финансиски импликации:*** Министерство за внатрешни работи и Министерство за труд и социјална политика.

## Стратешка цел 2. Законска и регулаторна рамка

***Специфични цели:***

а) Усогласување на националната со меѓународната законодавна рамка;

б) Унапредување на националното законодавство  во насока на заштита на правата на жртвите;

в) Воспоставување фонд за обесштетување на жртви, согласно со решенијата предвидени во новиот Закон за кривична постапка;

г) Воспоставување на механизми за идентификација и постапување со потенцијални жртви на трговија со луѓе помеѓу илегалните мигранти;

***Очекувани резултати:***

а) Усогласени национална и меѓународна законодавна рамка

б) Унапреден законски основ за заштита на правата на жртвите

в) Обезбеден законски основ за воспоставување на државен фонд за обесштетување на жртви

г) Идентификувани потенцијални жртви на трговијата со луѓе помеѓу илегалните мигранти

***Засегнати страни и партнери:*** Министерство за правда, Министерство за труд и социјална политика, Министерство за внатрешни работи, Министерство за надворешни работи и СЕП.

***Финансиски импликации:*** Министерство за внатрешни работи.

## Стратешка цел 3.  Меѓународна соработка

***Специфична цел:*** Зајакнување на меѓународната соработка и координација помеѓу релевантните институции во областа на трговијата со луѓе и илегалната миграција.

***Очекувани резултати:***

а) Зајакната меѓународна соработка во областа на трговијата со луѓе и илегалната миграција

б) Унапредена  соработка со земјите од ЈИЕ и ЕУ

***Засегнати страни и партнери:*** Министерство за внатрешни работи, Министерство за правда, Министерство за труд и социјална политика, Судство, Јавен обвинител и Здружение на граѓани.

***Финансиски импликации:*** Министерство за внатрешни работи, Министерство за труд и социјална политика, Министерство за правда, Јавно обвинителство, Судство, здружение на граѓани и донации.

## Стратешка цел 4. Управување со информации, мониторинг и евалуација

***Специфична цел:*** Унапредување на системот за управување со информации, мониторинг и евалуација.

***Очекувани резултати:***

а) До крајот на 2016, воспоставена централизирана база на податоци за жртви и сторители

б) Зајакнати капацитети на националниот известувач

в) Воспоставен систем за информирање и евиденција

***Засегнати страни и партнери:*** Национална комисија, Канцеларија на националниот координатор и националниот известувач.

***Финансиски импликации:*** Национална комисија, Министерство за внатрешни работи, и ИПА-фондови и донации.

# 2 - ПРЕВЕНЦИЈА

## Стратешка цел 1. Идентификување на причините за појава на трговијата со луѓе/деца и илегалната миграција.

***Специфична цел:*** Утврдување на ризиците и ризичните групи за појава на трговијата со луѓе и илегалната миграција во Република Македонија.

***Очекувани резултати:*** Идентификувани ризици и ризични групи за трговија со луѓе и илегална миграција

***Засегнати страни и партнери:*** Министерство за труд и социјална политика, Министерство за образование и наука / Биро за развој на образованието и здружение на граѓани.

***Финансиски импликации:*** за труд и социјална политика, Министерство за образование и наука / Биро за развој на образованието, здружение на граѓани и донации.

## Стратешка цел 2. Зајакнување на капацитетите за реализација на превентивни активности.

***Специфични цели:***

а) Зајакнување на капацитетите на воспитно- образовниот кадар и стручните служби: во основните и средните училишта и јавните установи за социјална заштита и здружение на граѓани за превенција од трговија со луѓе.

б) Зајакнување на капацитетите со цел спречување на трудова експлоатација на институции и здружение на граѓани.

в) Зголемување на одговорноста при известување на претставниците на медиумите за трговија со луѓе /деца.

г) Зајакнување на капацитетите на здравствените работници и соработници за трговија со луѓе.

д) Зголемување на информираноста на учениците во основните и средните училишта за трговијата со луѓе.

ѓ) Зајакнување на капацитетите на дипломатско-конзуларните претставништва на Република Македонија.

***Очекувани резултати:***

а) Зајакнати капацитети во воспитно-образовните институции и јавните установи за социјална заштита и здруженија на граѓани за превенција од трговија со луѓе.

б) Зајакнати капацитети на сите институции и здруженија на граѓани за превенирање од трудова експлоатација.

в) Подигната свест за начинот на информирање за трговијата со луѓе / деца.

г) Зголемена информираност на здравствените работници и соработници за трговијата со луѓе.

д) Зголемена информираност на учениците во основните и средните училишта за трговијата со луѓе.

ѓ) Зголемена информираност на вработените во дипломатско-конзуларните претставништва.

***Засегнати страни и партнери:*** Министерство за внатрешни работи, Министерство за надворешни работи, Министерство за здравство, Министерство за труд и социјална политика/Државен трудов инспекторат, Министерство за образование и наука/Биро за развој на образованието, Национална комисија, медиуми, Здружение на новинари, здруженија на граѓани и синдикати.

***Финансиски импликации:*** Министерство за образование и наука/Биро за развој на образованието, Министерство за здравство, Министерство за надворешни работи, Министерство за труд и социјална политика/Државен трудов инспекторат, Национална комисија, синдикати, здруженија на граѓани и донации.

## Стратешка цел 3. Подигање на јавната свест и едукација

***Специфични цели:***

а) Подигање на јавната свест за трговијата со луѓе/деца и илегалната миграција.

б) Зголемување на свесноста кај ранливите групи за проблемот на трговијата со луѓе.

***Очекувани резултати:***

а) Зголемена информираност и свест на општата јавност за проблемот на трговијата со луѓе и илегалната миграција.

б) Зголемена свесност на ранливите групи за трговијата со луѓе.

***Засегнати страни и партнери:*** Национална комисија, Министерство за внатрешни работи, Министерство за труд и социјална политика, Министерство за образование и наука/Биро за развој на образованието, Секретаријат и здруженија на граѓани.

***Финансиски импликации:*** Министерство за внатрешни работи / Национална комисија, Министерство за труд и социјална политика, Министерство за образование и наука/Биро за развој на образованието, здруженија на граѓани и донации.

## Стратешка цел 4. Намалување на ранливоста

***Специфична цел:*** Унапредување на механизмите за намалување на причините за појава на трговијата со луѓе и илегалната миграција.

***Очекуван резултат:***

а) Спроведени содржини за трговијата со луѓе и илегалната миграција во наставните програми во високото образование.

б) Економски зајакнати ранливи групи.

***Засегнати страни и партнери:*** Министерство за образование и наука, УКИМ, Министерство за труд и социјална политика, Агенција за вработување, Здружение на работодавачи, локална самоуправа и здруженија на граѓани.

***Финансиски импликации:*** Министерство за образование и наука, УКИМ, Министерство за труд и социјална политика, единиците на локалната самоуправа и донации.

## 3 – ПОДДРШКА И ЗАШТИТА НА ЖРТВИТЕ И МИГРАНТИТЕ

### Стратешка цел 1. Идентификација и упатување на жртви

***Специфична цел:*** Подобрување на процесот на идентификација и упатување на жртвите на трговијата со луѓе.

***Очекуван резултат:***

а) Зголемена ефикасност во идентификацијата, упатувањето и заштитата.

***Засегнати страни и партнери:*** Министерство за внатрешни работи–ЕТЛКМ, Национална комисија, Министерство за труд и социјална политика–НМУ и здруженија на граѓани.

***Финансиски импликации:*** Министерство за внатрешни работи, Министерство за труд и социјална политика, Национална комисија, здруженија на граѓани и донации.

### Стратешка цел 2. Директна помош и заштита на жртвите и мигрантите

***Специфични цели:***

а) Обезбедување заштита на жртвите и илегалните мигранти во согласност со меѓународните стандарди.

б) Интегрирање на жртвите на трговијата со луѓе во социјалната средина.

в) Обезбедување на средства за репатријација на илегалните мигранти.

***Очекувани резултати:***

а) Безбедно место за сместување, помош и заштита на жртвите на трговијата со луѓе.

б) Зајакнати капацитети на стручните кадри во двете прифатилишта: Центарот за лица жртви на трговија со луѓе и Прифатниот центар за странци.

в) Жртвите и илегалните мигранти се информирани за нивните права и обврски.

г) Изготвени и континуирано спроведени програми за помош, поддршка и реинтеграција на жртвите на трговијата со луѓе.

д) Избрани здруженија на граѓани за заштита на жртвите на трговијата со луѓе согласно со критериумите за избор.

ѓ) Обезбедени средства за репатријација на илегалните мигранти и жртвите на трговијата со луѓе.

***Засегнати страни и партнери:*** Министерство за труд и социјална политика, Министерство за внатрешни работи, Министерство за правда, Министерство за образование и наука, Министерство за здравство, здруженија на граѓани, локална самоуправа и меѓународни организации.

***Финансиски импликации:*** Влада на Република Македонија, Министерство за внатрешни работи, Министерство за труд и социјална политика, Министерство за здравство, Министерство за правда, Министерство за образование и наука, здруженија на граѓани, локална самоуправа и донации.

## 4 – ПРЕДИСТРАЖНА И КРИВИЧНА ПОСТАПКА НА ТРГОВИЈАТА СО ЛУЃЕ И КРИУМЧАРЕЊЕ МИГРАНТИ

### Стратешка цел 1. Предистражна постапка (проактивни и реактивни истраги)

***Специфични цели:***

а) Зајакнување на капацитетите на Министерството за внатрешни работи во насока на откривање на сторителите на кривични дела на трговија со луѓе и илегална миграција.

б) Унапредување на меѓуинституционалната соработка во однос на размена на информации и координирано спроведување на истраги за трговија со луѓе и илегална миграција.

в) Подобрување на меѓународната полициска соработка во делот на спроведувањето на истраги.

***Очекувани резултати:***

а) Обучени полициски службеници.

б) Успешно спроведени истраги.

в) Зајакната меѓуинституционална соработка при спроведување на истраги.

г) Успешно спроведени меѓународни истраги.

***Засегнати страни и партнери:*** Министерство за внатрешни работи, Министерство за труд и социјална политика, Министерство за финансии и Јавно обвинителство.

***Финансиски импликации:*** Министерство за внатрешни работи, Министерство за труд и социјална политика, Министерство за финансии и Јавно обвинителство.

## Стратешка цел 2. Кривична постапка

***Специфични цели:***

а) Подобрување на квалитетот на кривичните постапки

б) Остварување на права на жртвата во кривичната постапка со посебен осврт на правата на децата

***Очекувани резултати:***

а) Зајакнати капацитети на судиите и обвинителите.

б) Правата на жртвите/децата во кривичната постапка се обезбедени.

***Засегнати страни и партнери:*** Академија за обука на судии и јавни обвинители, Министерство за правда, Министерство за внатрешни работи, Министерство за труд и социјална политика, Јавно обвинителство, суд и здруженија на граѓани.

***Финансиски импликации:*** Академија за обука на судии и јавни обвинители, Министерство за правда, Министерство за внатрешни работи, Министерство за труд и социјална политика, Јавно обвинителство, суд и здруженија на граѓани, обвинети или Буџет на РМ.

# АНЕКС 1 – РЕФЕРЕНЦИ

## А. Национални правни инструменти за борба против трговијата со луѓе


1. Кривичен законик на РМ, Службен весник на РМ бр.37/96, со закони за промени и амандмани на Кривичниот законик, Службен весник на РМ бр. 88/99, 4/2002, 43/2003, 9/2004 и 139/08, Службен весник 49/2009, Службен весник на РМ 51/2011

2. Измени на Законот за кривична постапка, Службен весник на Р М бр. 74 од 22 октомври, 2004 и Службен весник на РМ бр.83 од 10.7.2008, Службен весник на РМ, бр. 150 од 18.11.2010

3. Закон за заштита на сведоци, Службен весник на РМ бр. 38/05 усвоен на 26.5.2005 со Закон за промени и амандмани на Законот за заштита на сведоци, Службен весник на РМ бр. 58/5 од 19.7.2005, и започната имплементација на 1.1. 2006;

4. Закон за странци, Службен весник на РМ бр. 35 од 23.3.2006; стапен во сила на 23.3.2007;

5. Закон за вработување странци, Службен весник на РМ бр. 70/2007; и Закон за промени и амандмани на Законот за вработување на странци, Службен весник бр. 5 од 13.1.2009;

6. Протокол за превенција, сузбивање и казнување на трговија со луѓе, посебно жени и деца, дополнување на конвенцијата на Обединетите нации против меѓународниот организиран криминал, Г.А. Рез. 25, анекс ИИ, ОН ГАОР, бр.55 Сесс., Дополнение бр. 49, на 60, ОН Док. А/45/49 (Издание И) (2001), стапен на сила во 9 септември, 2003. (Потпишан 2000, и ратификуван од македонската влада во 2004).

7. Закон за ратификација на Конвенцијата за замрзнување на средствата и конфискација на приходите од криминал од 2006, Службен весник бр. 55/2007;

8. Закон за ратификација на соработка на полицијата од Југоисточна Европа, 22 јуни 2007, Службен весник бр. 74/2007;

9. Закон за ратификација на Конвенцијата на Советот на Европа за борба против трговија со луѓе од 2005, 14 април 2009, Службен весник 49/2009;

10. Наредба на министерот за внатрешни работи за постапување со странци кои се жртви на трговија – Министерство за внатрешни работи, март 2006 (беше во сила до новиот Закон за странци, стапен во сила на 23.3. 2007);

11. Наредба на Министерството за внатрешни работи за прашањето за одобрување виза за странци, пролонгирање на валидноста на визата и повлекување на визата, 1.10. 2007;

12. Наредба на Министерството за внатрешни работи за патувањето и други документи за странци, 2.4.2008;

13. Наредба на Министерството за внатрешни работи за куќните правила во Центарот за згрижување, 1.10. 2008;

14. Стандардни оперативни процедури – СОП за помош на жртвите на трговијата со луѓе, 2010, Национална комисија за борба против трговијата со луѓе и илегалната миграција, Министерство за внатрешни работи;

15. Договор помеѓу Европската комисија и РМ за реадмисија на лица кои престојуваат без дозвола, 8 ноември 2007, Службен весник 141/2007;

16. Резолуција на миграционата политика на РМ 2009-2014, декември 2008, Службен весник 9/2009;

17. Закон за семејството, Службен весник на РМ бр.80/1992, бр.9/1996, бр.38/2004, бр.33/2006, бр.84/2008 и бр.67/2010.

## Б. Листа на меѓународни правни инструменти релевантни за дизајнирање на националната стратегија за борба против трговијата со луѓе

1. Конвенцијата на Советот на Европа за Активностите против трговијата со луѓе, Варшава, 16.5. 2005, Серија договори бр. 197;

2. Совет на Европа - Препораки Р(2000) 11 на Комисијата на министрите на земјите членки за активностите против трговијата со луѓе за цели на сексуална експлоатација, 19 мај 2000;

3. Совет на Европа - Препораки Р(85) 11 на Комисијата на министрите на земјите членки за позицијата на жртвите во рамките на кривичното право и постапка, 25 јуни 1985;

4. Совет на Европа - Конвенција за заштита на човечките права и основни слободи, одржана во Рим, 4. 11. 1950, Совет на Европа, серија договори бр.44;

5. Совет на Европа - Конвенција за надомест на жртвите од насилни дејства, 1983;

6. Втор дополнителен протокол на Европската конвенција за екстрадикција, 1975;

7. Совет на Европа, Европска конвенција за екстрадикција, 1957;



8. Совет за рамковно решение за борба против организираниот криминал, ОЈ Л 300, 11 ноември 2008, стр.42;

9. Предлог на Советот за рамковно решение за превенција и борба против трговијата со луѓе и заштитување на жртви, ЦОМ(2009) 136 крајно, 25 март, 2009;

10. Предлог на Советот за рамковно решение за борба против сексуално злоупотребување, сексуална експлоатација на деца и детска порнографија, поништување на Рамковното решение 2004/68/ЈХА, ЦОМ(2009) 135 крајно, 25 март 2009;

11. Директива на Советот 2004/81/ЕЦ од 29 април 2004 за дозвола за престој наменета за државјани од трети земји кои се жртви на трговијата со луѓе или кои биле предмет на акција за водење илегална миграција, кои соработуваат со компетентни надлежни органи, ОЈ Л 261, 6 август 2004, стр. 85;

12. Директива на Советот 2004/80/ЕЦ од 29 април 2004 во врска со надомест на жртви од трговија, ОЈ Л 261, 6 август 204, стр. 15;

13. Совет за рамковно решение 2002/69/ЈХА од 19 јули 2002 за борба против трговијата со луѓе, ОЈ Л 203, 1 август 2002, стр.1;

14. ОБСЕ Акциски план за борба против трговијата со луѓе, 24 јули 2003;

15. ОН Протокол за превенција, сузбивање и казнување на трговијата со луѓе особено жени и деца (Протоколот Палермо), дополнување на Конвенцијата на ОН против меѓународниот организиран криминал (2000);

16. ОН - Протокол против криумчарење мигранти по копно, вода или воздух, дополнување на Конвенцијата на ОН против транснационалниот организиран криминал (2000);

17. Конвенција на ОН против транснационалниот организиран криминал (2000);

18. Изборен Протокол на Конвенцијата на ОН за правата на детето, трговијата со деца, детската проституција и детската порнографија, 2000;

19. Конвенција на ОН за заштита на правата на сите работници емигранти и членови на нивните семејства, усвоен со резолуцијата на Генералното собрание 45/158 на 18 декември 1990, ставен на сила на 1 јули 2003;

20. Обединета конвенција за правата на детето, усвоена и отворена за потпишување, ратификација и оценување од резолуцијата на Генералното собрание 44/25 од ноември 1989;

21. Декларација на ОН за основните принципи на правда за жртвите од криминал и злоупотреба на моќта, 1985;

